**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО**

**Defence for Children's Rights (DCR)**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО 2021 ГОДИНА

Пред Вас е Годишниот извештај за работењето на Здружението за Заштита на правата на детето во 2021 година, што сите и оваа година ќе ја паметиме по пандемијата предизвикана од Ковид – 19 која влијаше на сите полиња на работењето на организацијата. Првенствено фокусот беше одржување на безбедна и сигурна средина на корисницте и на вработените и нивното физичко и ментално здравје. Под постојани државни и организациски мерки се реализираа планираните активности и услугите за корисниците. Динамично време, време на вонредна состојба и рестриктивни мерки кога моравме да ги прилагодиме и приспособиме услугите и активностите на новонастанатата ситуација, да ја препознаме итноста и да преземеме хумани и солидарни чекори во заедницата сè со цел соодветно да се одговори на сите аспекти и обезбедат најосновните пакети со храна и хигиенски средства за семејствата за да се ублажат последиците од пандемијата на Ковид-19. И покрај отежнатите услови за работа кои произлегоа од рестрективни мерки на социјално дистанцирање, тимот секогаш одговорно одговараше на потребите на нашите корисници на безбеден начин. Иако уредбите беа донесени во насока на зачувување на здравјето на сите, сепак директно влијаеја негативно врз квалитетот на живот, но и на егзистенцијалните потреби на најранливите категории.

Вистински пресврт и во наративот за интезивна соработка и комуникација со сите чинители за да се пресретнат сите предизвици. Работењето под притисок и кризната ситуација со Ковид ја демонстрираше силата и моќта на нашиот тим да се справи со истата при што се истакна сплотеноста на тимот, се зајакна и се унапреди тимската работа. Некогаш останувавме и без енергија и здив ама никогаш не престанавме да веруваме дека можеме, особено кога се работи со најранливите во општеството.

Комитетот на ЗПД беше активен во целата годината. Имаме стабилно и силно управување кој има избалансирана структура. Комитетот е поддржувачки и има висок сензибилитет за промените на организацијата кои треба постојано да се усогласуваат и со националниот и со интернационалниот контекст. Иницираше, координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на доброто работење на Здружението и Дневниот центар, и неговата актуелност. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на Дневниот центар, ја нуди својата помош во дефинирањето на што подобра форма на работење, давајќи придонес кон создавање белег за организацијата како пример за добро, успешно и одговорно работење. На ден 12.05.2021 г. беше одржано Годишното Собрание на Здружението.

Оваа година ќе ја паметиме и по одбележувањето на нашата 23-годишна работа на Здружението и 15-годишна работа на Дневниот центар за деца на улица. Денес неизмерно се гордееме со она што го оставаме како наше досегашно работење. Сеќавања за почетоците на Здружението и на Дневниот центар, нашата приказна, предизвиците, научените лекции и најважните достигнувања собрани на едно место – во спомен сликите посветени на изминатите 23 години. Пандемијата нè спречи да го одбележивме овој ден како што доликува, но нè не

спречи да се потсетиме на успесите и да се заложиме и понатаму да придонесуваме за свет во кој сите деца ќе можат да ги уживаат своите права.

Во месец август, Здружението лиценцираше една социјална услуга која би требало да биде субвенционирана од страна на државата со што ќе се отворат вратите и за невладините организации да испорачуваат социјални услуги во заедницата и да ја зајакнат фиансиската самоодрживост. Дневниот Центар за деца на улица е регистрирана организациона единца на Здружението на граѓани Заштита на правата на детето и лицецирана организација за давeтел на социјална услуга за дневен престој на деца во ризик-деца на улица од Комисијата за лиценцирање-Сектор за социјална заштита при Министерство за труд и социјална политика од 12.08.2021 година.

Ова е само дел од низата успеси што ги постигнавме и по кои ќе ја паметиме 2021 година како солидарна и хумана година. Продолжуваме посветени на приоритети, ја заокруживме годината свесни дека нашата мисија продолжува и дека во годините што следат нашата одговорност кон децата сѐ повеќе се зголемува.

Благодарност до сите наши поддржувачи, донатори, партнери и соработници кои изминатата 2021 година веруваа во нашите заложби за остварувањето на мисијата на Здруженето за Заштита на правата на детето, придонесувајќи за подобрување на состојбата и заштитата на маргинализираната група на деца.

Заслужни за нашиот развој и добри резултати беа постигнати од страна на нашите долгогодишни партнери: Тинекс МТ, Град Скопје и Германската заедница за меѓународна соработка (ГИЗ), граѓанските организации но и од граѓаните кој несебично донираа за семејствата (храна, покуќнина, облека, обувки, прекривки итн.).

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА

За непреченото работење на Дневниот центар, што е од особена важност за негова одржливост, финасиска поддршка имавме од буџетот на **Град Скопје** од Програмата за 2021 година, со буџет од **350.000 денари.** Во период од 01.03.2021-31.08.2021 година се имплементираше проект **„**Со поддршка до успех за ромските деца“**.** Со овој проект беа опфатени 100 деца од Ромската заедница, на возраст од 04-17 години, од кои 72 деца, деца на улица и 28 деца во социјален ризик (без елементарни услови за живот) од семејства вратени од ЕУ земјите како баратели на азил со место на живеење во општина Шуто Оризари кои поради пандемијата, сиромаштијата уште повеќе ги нагласи потребите за пружање помош и поддршка. Беа реализирани следниве активности: едукација, воспитна работа, грижа за здравјето, социјални услуги, вклучување и поддршка во тековниот образовен процес, следење на нивната редовност, подигање на образовно, социо-културно ниво за позитивна интеграција во поширокатa заедница, теренски активности и работа со семејствата. Во текот на имлементацијата секој месец децата и семејствата добиваа антибактериски течни сапуни, антисептични гелови, шампони за вошки и заштитни маски.

Регионалниот проект за социјални права на ранливи групи SoRy II „Активности за поддршка на социјално ранливите ромски семејства во Шуто Оризари за време на пандемиската криза COVID и техничка помош на ЗПД” – **ГИЗ** (GmbH SENECA SEDE за предизвици на тема „Како да не оставиме никого зад себе во време на криза“) во период од 01.01.2021 – 28.02.2021 година со финансиска поддршка од **203.300 денари**. Активности: Техничка поддршка- добри практики на ЗПД како одговор на пандемската криза; Психо-социјална поддршка од сите аспекти (здравје, социјална поддршка, поддршка со храна и хигиенски производи и едукација за заштита на сопственото и колективно здравје од ширење на КОВИД-19 и други инфекции и Подигање на свеста преку информативна / едукативна работилница со 30 ранливи ромски семејства.

Регионален проект „Поддршка на социјално ранливите ромски семејства во Шуто Оризари со дневни услуги за време на пандемијата Ковид-19 (Support to socially vulnerable Roma families in Shuto Orizari with day care services during the COVID-19 pandemic)-**ГИЗ** со рамка на имплементација од 01.05.2021-31.12.2021 година со буџет **980,740.00 денари**. Активности: Организирани три едукативни работилници со 48 семејства за Ковид 19 и запознавање за важноста од колективната имунизација; Психо-социјално советување за различни аспекти; Работилници со 72 деца: учење на извиднички ивештини и следење на магиониачарска претстава.

Дневниот центар финасиски беше потпомогнат од страна на АД Комерицијална банка која донираше **30.000 денари** за месечен оброк на децата и од МТ-Тинекс **150.675 денари** за период од 01.05.2021-30.11.2021 година.

Во соработка со Конект преку проектот на ГИЗ „Партнерства за Целите за одржлив развој – Да не оставиме никого зад себе“, со заеднички напори да обезбедиме здравје, превенција и здравствена заштита на дечиња од социјално загрозени семејства, за да потткнеме и инспирираме поголем број граѓани и компании за да се вклучат во остварувањето на нашата цел и да ја поддржат нашата работа беа изготвени промотивни едукативни материјали и видео презентација за работата на Дневниот центар за деца на улица. Една од повеќето успешни приказни кои направиле позитините промени за да се изградат во здрави и одговорни личности е токму приказната за Мина.






**ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА**

**Во текот на 2021 година,** 72 деца од 48 семејства ги користеја услугите на дневно згрижување, индивидуални активности за социо-емоционалниот развој, стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни, едукација и образовна поддршка на децата и психосоцијална поддршка на нивните семејства.

Будно ги следевме и се грижевме за успешно завршување на **второто полугодие 2020/2021 година** со што образованието го завршуваат сите предвидени **62 школски деца** и тоа: две деца од средното училиште „Шаип Јусуф“, едно дете од СУГЦ „Лазар Танев“, три во ОУ за возрасни „А.С. Макаренко“,  три во ООУ „26 Јули“ и 53 деца во „Б.Р.Х“.

Во месец септември има прекин на користење услугите на ДЦДУ кај вкупно 14 деца. Две семејства со шест деца заминува во С.Р. Германија и во Р Белгија.  Поради надмината возраст има прекин на користење на услугите на ДЦДУ кај 4 деца а подобрување на состојбата на семејството кај 4 деца. **Овој месец евидентирани и вклучени 5 деца - деца на улица.**

**Првото полугодие на 2021/2022 година го започнуваат/продолжуваат 59 деца наместо 62 дете.** Имено, ученикот во трета година во СУГЦ „Лазар Танев“, струка-келнер по негово барање, наставата вонредно ќе ја следи. Три деца кои го завршуваат основното образование во 2020/2021 поради наполнети 17 години не можат да се запишат во средно училиште и истите не го продолжуваат своето образование. Во прво одделение запишани 10 деца, од кои за 2 деца и покрај уредно доставена документација во ООУ „Браќа Рамиз Хамид“ не се примени од причина што родителите/мајките биле со место на живеење по лична карта во Куманово и Гевгелија. Двете деца се родени и израснати во Скопје. Во интерес на децата, тимот се поврза со подрачните училишта во Куманово и Гевгелија и истите беа волни да изготват согласност за децата да ја посетуваат наставата во Скопје, но од страна на педагошката служба од „Браќа Рамиз Хамид“  немаше соработка. Четири се во средно образование од кои 3 во прва година во

СУГС „Шаип Јусуф“ (две на Економско-правна и трговска струка со профил: Продавач-референт за продажни услуги и 1 дете на струката Лични услуги, профил: фризер; 1 дете во 4 година во СУГС Шаип Јусуф- економско правна и трговска струка, профил: Бизнис админостратор) . Две деца од ООУ „Браќа Рамиз Хамид“ се префрлени во ООУ за возрасни „А.С. Макаренко поради надмината возраст во IV година од основното образование, односно 8 и 9 одделение;

Се нудеа најразлични услуги во зависност од нивните потреби, интереси и желби но и заштита од секаква злоупотреба и насилство. Се разговараше и за редовното и правилно одржување на лична хигиена кај децата и родителите како основна превенција од пренесување на грипот и останатите инфективно-бактериолошки заболувања. Се водеа информатини и едукативни разговори од страна на лекар од Поликлиниката Шуто Оризари поврзани за придобивките на вакцините. Особено се внимаваше на хигиената во Дневниот центар со редовна и зачестена дезинфекција на површините и материјалите за работа со дечињата.

**Неформалното образование и воспитно - образовната** активност беше проследена со голема љубов, трпеливост и разбирање со секое дете. При реализацијата на овие активности се дејствуваше врз создавање работни навики, создавање потреба за активирање, поттикнување на самоиницијативноста, запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби во правец на поддршка на развојот и напредокот на детето и описменувањето. Се обрна внимание и на развојот на здравствено - хигиенски и културно – хигиенските навики. Се работеше и со 10 деца невклучени во образовниот процес на возраст од 9 до 12 години кои поради природата на карактерот, нивниот темперамент и потребата за социјализација, стекнување вештини за комуникација социјални навики и градење на работните навики, оваа учебна година не беа вклучени во образовниот процес.

Во интерес на континуитетот на воспитно - образовното дејствување врз детето, Здружението оствaруваше соработка и со основните и средните училишта. Беа остварени средба со стручната служба, со наставниот кадар и со класните раководители на средношколците, се обавуваат разговори и се информираат за новонастанатите ситуации кај некои од децата или доколку има потреба од интервенција и преземање на заеднички дополнителни активности во интерес на децата. **Превенција кај 39 деца од 7 семејства** од осипување од училиште, поради питачење и присилена работа од страна на родителите.

Се остваруваа индивидуални и групни средби со родителите со цел да се подигне родителска грижа и одговорност за вршење на родителското право. Родителите имаат потешкотии при градење на позитивното родителство и затоа се делува превентивно на јакнење на нивните родителски капацитети.

Во **Младинскиот клуб** се работеше на индивидуален личен развој и професионална ориентација со деца на возраст од 15-17 години. Беа обработени повеќе теми: Права и обврски, Личен развој (самодоверба, емоции, успех и неуспех, искажување на мислење, семејство, училиште), општествени односи (нивните права, недискриминација, поддржување и соработка, социјални притисоци, одговорности и позитивен однос), здраво живеење (здрава исхрана, лична хигиена, превенција од болести и заболување и свест за сексуално здравје, ризици од малолетнички бракови и бременост) и однос со надоврешната средина (културно однесување со средината, хигиена во околината и заштита). Беше спроведена и активноста поврзана со читачкото катче, каде описменетите деца креативно и компаративно читаа за со цел да им се помогне при разбирање на смислата на текстот и негово значење. Се разговараше за прочитаното, се поставуваа прашања, се прераскажуваше усно но и писмено.

**Се работеше и на работна интеграција, структуиран животен стил на нашите 11 младинци-продавачи на уличното списание *Лице в лице*. Градевме релација за силна мотивација и поддршка во целиот просец, подготовка на работна средина за поуспешен влез на пазарот на трудот.**

- **МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ**

Оваа година бележиме успех во однос немање детски бракови. За прв пат во изминатите 15 години од работењето на Дневниот Центар **нема малолетнички бракови**

- **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Во текот на целата година стручниот тим превенираше во спречување на сите аспекти на семејното насилство особено за деца жртви од насилство. Најчестите застепени насилства се однесуваа на психичко и емоционално малтерирање, насилнички закани и физички насилства кои родителите често ги користат како дисциплински мерки со кои се обидуваат да го наметнат авторитетот, но и за деца жртви на најтешки форми на злоупотреба на детскиот труд, запуштање и малтертирање на малолетно дете од страна на родителот.

Поддршка во пријавување на случајот во П.С Гази Баба имаше кај мајката со двете малолетни која беше жртва на семејно насилство од страна на вонбрачниот партнер.

- **НАДЗОР НА РОДИТЕЛСКО ПРАВО ОД СТРАНА НА ЈУ-МЦСР НА ГРАД СКОПЈЕ**

Во текот на оваа година се спроведува превентивна активност односно се врши надзор над родителското право на едно семејство чии деца биле затекнати на питачење од страна на ЈУ-МЦСР на град Скопје.

- **ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА**

Во однос на здравствена состојбата од вирусот предизвикан од Ковид-19 оваа година беа заболени три семејства со 16 деца и истите беа со полесна клиничка слика. Сезонски грип 39 деца, 22 деца со бронхит и кожни инфекции кај 43 деца и истите беа препратени на кожен лекар. Поради негрижа и неодговорност од страна на родителот 12 деца се здобија со полесни изгореници на рацете и по нозете од пластиките кои ги ставале во ќумбето како огрев.

- **ПОМОШ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Во текот на годината работевме на нивна поддршка во ублажување на сиромаштијата преку зголемување на вработеноста кај семејствата.

Во соработка со фирмата за хигиена и чистење „Центар чист“, беа вработени **15 мајки**.
**Три деца** кои оваа година навршија 18 години, две беа вклучени во продажбата на уличниот магазин „Лице в лице“ и едно вработено во сендвичара „Baking Bread“.

Во административно-техничката документација за обновување и/или аплицирање за гарантирана минимална помош, детски и образовен додаток и советувања добија **17 семејства.**

- **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ**

Оваа година се одбелележа: „Осми Март, 1-ви Април-денот на шегата, Меѓународниот ден на Ромите 8-ми Април, 12 Април – Меѓународниот ден за деца на улица, Детска недела (грижа за здраво, радосно и безгрижно детство во текот на годината беше можност да ја покажеме токму оваа недела) и 20 Ноември - Светски ден на детето.

- **АКТИВНОСТИ ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ**

По повод престојните Новогодишни празници и делењето на пакетчињата и оваа година се одвиваше на поразличен начин од претходните години. Имајќи ја предвид пандемијата со Ковид-19 и со цел заштита на здравјето како на децата така и на тимот не се одржа традиционалната новогодишна претстава.

Нашите долгогодишни соработници донираа новогодишни пакетчиња на ден 09.12.2021 година компанијата Тинекс подари 72 пакетчиња, Адвокатска канцеларија 72 пакетчиња (22.12.2021), Комерцијална Банка 72 на ден 24.12.2021 година, Унија на млади сили 50 на ден 23.12.2021 г., Македонска медицинска студентска асоцијација ММСА 72 новогодишни пакетчиња

(24.12.2021 г.), Град Скопје 100 новогодипни пакетчиња (28.12.2021) и нво Љубезност 72 новогодишни пакетчиња ( 30.12.2021 г.).

Црвен Крст-Дневен центар за стари лица ден 27.12.2021 ги израдуваа дечињата со рачно плетени капи, шалови, ракавички и калчинки а додека Банка за храна на ден 28.12.2021 г. донираше сезонско овошје.

***Во текот на 2021 година Дневниот Центар беше потпомогнат со донација на облека, храна од Црвениот Крст на Град Скопје, замрзнати бели пецива за семејствата од Ајде Македонија-Сите Сити, облека од нво Љубезност, 4-месечна поддршка за редовен појадок на децата од компанијата Сорсико, храна и хигиенски средства за семејствата од Волонтерски Центар Скопје, компанија Бреон, МТ-Тинекс, Фондацијата Песталоци донираше 200 заштитни маски, претставници од Холандската студентска хуманитарна организација МАРРА од Амстердам кои со придружба на тимот посетија неколку домови на нашите корисници и им донираа хигиенски средства и храна како и поддршка од индивидуални граѓани.***

## Волонтери од Турција

Оваа година во месец ноември и декември ни пристигнаа двата волонтера од Турција, со грант на Европскиот Солидарен Корпус одобрен од Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност за 2019 со проект „Roma children need care too" („И Ромските деца имаат потреба од грижа").
Ангажманот на BELEN DEĞİN DOĞER. г. и BOZKURT MUAMMER е од 01.09.2021 до 31.08.2022 година..





## АКТИВНОСТИ ВО ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР

Работиме со семејствата











Теренски активности




Запишување на првачиња



Активности во Дневниот центар (индивидуална поддршка на семејствата, едукативни, образовни, креативни работилници и рекреативни активности)









































Активности со вработените од Breon по повод Social Friday (26.11.2021 г.)



Студиска посета од страна на студенти од Малта & Италија преку проектот на Отоврена Порта YU WOK 2 END HT  (12.11.2021 година)



Спортско-рекреативни активности





Активности со магионичар





Активности со извидниците од ПСИО





Посета на Изложбениот едукативен центар на ЕВН- Матка (26.11.2021 г.)





.

**Ги прославуваме родендените!**



**Претставниците на Здружението за Заштита на правата на детето учествуваа на следните настани**:

На ден 04.03.2021, Даниела Ѓоргиевска учествуваше како панелист на Вебинарот на тема „Теренска работа и мобилни тимови“ на кој го презентираше Здружението и теренските активности поврзани со Ковид-19 кои беа дел од проектот „Активности за спречување на ширење на Ковид-19 меѓу социјално ранливите ромски семејства во Шуто Оризари“ поддржан од ГИЗ. Вебинарот беше организиран од Гиз и Налас и учествуваа претставници од невладини организации од Босна и Херцеговина

На ден 08.04.2021 година координаторот, Ирена Велкоска учествуваше како презентер на организацијата и Дневниот центар на настанот за партнерства меѓу компаниите и граѓанските организации „Конектирај се!“ кој беше организиран од НВо Конект, Гиз Македонија и Налас. Презентацијата одеше во насока на темата „Го штитиме здравјето на децата од улица во пандемија“.

На ден 12.04.2021 Ирена Велкоска учествуваше на онлајн завршниот настан- тркалезна маса во рамки на проектот „Корупција? Не во мојата општина!“ од страна на Коалиција сите за правично судење.

На ден 15.04.2021 Ирена Велкоска присуствуваше на онлајн Годишното собрание на Коалиција сите за правично судење каде беше назначена за член на Надзорен одбор. Истиот ден Ирена Велкоска даде онлајн интервју на новинарката Менче Точи од А1он во врска со децата на улица.

На 03.06.2021, 11.06.2021, 14.06.2021 и 17.06.2021 координаторот Ирена Велкоска и социјалниот работник Василка Јовановска учествуваа на онлајн форумот во заедницата кој Општината Шуто Оризари во соработка со Центарот за истражување и креирање политики, Лулуди, Рурална Коалиција, Новинари за човекови права и ЕХО-Штип во рамки на Проектот „Низ женски леќи“, покревање на политики и буџетски иницијативи, следње на локалните акциски планови за родова еднаквост.

На ден 16.06.2021 во ресторан Ореов Лад во Скопје, координаторот Ирена Велкоска и психологот Даниела Ѓоргиевска учествуваа на работилница за локализација на Целите за одржлив развој во рамки на Општина Шуто Оризари, организиран од Гиз, Налас ЗЕЛС и Конект.

На ден 17.06.2021, психологот Даниела Ѓоргиевска учествуваше на Третиот регионален состанок на тема „Сервиси за поддршка на деца на улица“ во организација на Арсис од Албанија. Заедно со уште тројца претставници на институции и невладини организации од земјите од регионот: Црна Гора, Косово и Албанија кои работат на истата проблематика. На состанокот се презентираше работата на Дневниот центар за деца на улица и истиот беше онлајн на англиски јазик. За состанокот бевме предложени од Х.О.П.С.

На 22.06.2021 година, координаторот Ирена Велкоска учествуваше на оналајн работилница „Правата на ранливите групи во медиумската област, во организација на институтот Ресис во рамките на проектот за формирање Мрежа од совети на публики со поддршка на Програмата Цивика Мобилитас.

На ден 24.06.2021 социјалниот работник Филип Пепоски присуствуваше на завршната конференција во рамки на проектот „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р.Северна Македонија“ од Колиција Сите за правично судење, а на ден 26.06.2021 година завршна конференција за презентирање на податоците од спроведениот мониторинг во рамки на истиот проект.

На ден 29.07.2021 координаторот Ирена Велкоска даде интервју на Европскиот центар за права на Ромите (ЕЦПР) кој спроведува истражување во Украина и С.Македонија – Унапредување на состојбата на ромските деца кои се во/под институционална грижа.

На ден 28.09.2021, координаторот Ирена Велкоска присуствуваше на онлајн завршната Конференција „Влијанието на мерит системот врз судската независност и професионалност во РСМ“на Коалицијата Сите за правично судење.

На ден 29.09.2021, на платформата Зум, координаторот Ирена Велкоска присуствуваше на онлајн работилницата „Промовирање на вклученоста на работниците во социјалната

економија- низ перспектива на маргинализираните групи“, организирана од Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“.

На ден 04.10.2021 г. Дневниот центар беше посетен од страна на градоначалникот Петре Шилегов на Град Скопје и на ден 06.10.2021 ДЦДУ од страна на Министерката за труд и социјална политика, Јагода Шахпаска.

На ден 25.10.2021 г. утрински линковско вклучување во емисијата „Ја сакам Македонија“ – на тема: активности на Дневниот центар и донаторскиот календар по повод детската недела во организаца на нво Конект–интервју: Ирена Велкоска и Виктор Мирчевски (нво Конект)

На ден 26.10.2021 г. се одржа состанок со претставик од ХОПС кој го презентираше Прирачникот за граѓански организации кои ги поддржуваат децата и младите Роми и Египќани во земјите од Западен Балкан.

На ден 27.10.2021 г. координаторот Ирена Велкоска и психологот Даниела Ѓоргиевска присуствуваа на тркалезна маса на тема “Улогата на локалната самоуправа во спроведувањето на здравствените и социјалните програми за граѓаните преку финансирање на граѓанските организации“ организирана од ХОПС. На настанот говореше Елеонора Панчевска Николовска од Град Скопје.

На ден 19 и 20.10.2021 година во оганизација на нво Паблик се одржа работилници на тема: 3 Д мапинг, процесот на работната интеграција, пронаоѓање на нова публика, рефлексија на претходно поставените цели. На ден 29.10.2021 во ДЦДУ се одржа мотивациска средба со продавачите на Лице в лице кои се корисници или биле корисници на ДЦДУ.

По барање од УНХЦР кои ја промовираат приказната на В. Ракип, младинецот од ДЦДУ, кој сè уште е без лична документација, во месец ноември им се излезе во пресрет да снимат видео прилог/приказна за Валентин во ДЦДУ со цел да го прикажат целиот негов просец на грижа и помош кој ја добиваше одДневниот центар.

На ден 16.11.2021 координаторот Ирена Велкоска учествуваше онлајн состанок за споделување на искуства, мислења и препораки за вклученоста на родителите и семејството во одлучувањето и работата на детските градинки. Состанокот беше дел од истражување чија цел е да се изработи функционална анализа на вклученоста на родителите и семејството во одлучувањето и работата на детските градинки со фокус на вклучувањето на родителите на децата во ризик,како што се деца со попреченост, деца Роми, деца од сиромашни семејства и/или рурални средини во рамки на проектот на ЕУ „Подигање на квалитетот на предучилишното образование и грижа“.

На ден 19.11.2021 коордниноторот Ирена Велкоска и соц работник Филип Пепоски присуствуваа на отворањето на Центарот за социјално претприемништво во Скопје.

На ден 04.11.2021 година од страна на координаторот Ирена Велкоска на МТВ-Ромска редакција даде интервју за активностите и значењето на Дневниот центар во Општина Шуто Оризари

По иницијатива на Бранко Георгиевски – новинар од неделникот „Скопско око“ кои во нивниот неделник имаат постојана рубрика во која ги афирмираат активностите на најразлични невладини организации кои се значајни за Градот Скопје и кои придонесуваат за решавање на проблемите кои ги имаат нивните граѓани, на ден 30.11.2021 година, во врска со горенаведеното изјава даде координаторот на ДЦДУ, Ирена Велкоска.

На ден 02.12.2021 г. беше одржан состанок со претставник од УНДП, Консултант од Македонија и консултант од Португалија со цел да дадеме придонес во креирањето на нивниот Извештај за состојбата на децата во ризик- деца на улица.

На ден 13.12.20212 година, потпретседателот на Здружението проф.д-р Оливер Бачановиќ и координаторот Ирена Велкоска присуствуваа на состанокот со директорката на ЈУ - МЦСР на град Скопје Наташа Станојевиќ со цел да се прошири и продлабочи соработката како и да се разменат  и споделат информации во врска со формите на услуги кои ги дава Дневниот центар.

На ден 28.12.2021 година, координаторот Ирена Велкоска даде изјава на ТВ 21 за активноститите на Дневниот центар.

.

**Членови на Комитетот на ЗЗПД го сочинуваат**:

Проф. д-р Владимир Ортаковски, професор на Факултетот за безбедност,  претседател на ЗЗПД;

Проф. д-р Оливер Бачановиќ, професор на Факултетот за безбедност, потпретседател на Здружението;

Кирил Трајковски, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;

Младица Котевска, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;

Ирена Велкоска, Генерален секретар на ЗЗПД и член Извршниот комитет на ЗЗПД

**Тимот на Дневниот центар за деца на улица:**

Ирена Велкоска, проектен координатор и едукатор;
Василка Јовановска, дипл.социјален работник;
Александра Лозаноска, проф. по предучилишно воспитание
Филип Пепоски, дипл.социјален работник;
Даниела Ѓоргиевска, дипломиран психолог;
Трајанка Симуновска, дипл.социјален работник
Милка Ѓурчинова Додеваска - хигиеничар

## Волонтери

Преку Волонтерски центар Скопје, беа вклучени шест волонтери во креативните и слободните активности со децата од Полска, Германија и Белгија.
Преку ЕСК програмата волонтери од Турција, Белен Догер и Муамер Бозкурт.

На крајот уште еднаш сакаме да се заблагодариме на сите наши соработници, партнери и донатори кои ни даваат поддршка и кои веруваат во нас во изминатите години.

**Претседател на Здружението**

**за Заштита на правата на детето**

проф.д-р Владимир Ортаковски

--------------------------------------------

Јануари, 2022 година,Скопје